Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/20), член 46-в од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и Одлуката за објавување на Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба, бр.08-992/5 од 19.02.2026 година, Локалното собрание на млади на Општина Гази Баба објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## За избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба

Локалното собрание на млади на Општина Гази Баба распишува Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба, по принципот на транспарентност и јавност.

## I. УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

- Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во Општината од делокругот на младински прашања и политики.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Јавниот повик е упатен до формите на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, односно до:

- младинските организации;
- организации за млади;
- политички подмладоци;
- ученички организации;
- студентски организаци и
- други облици на младинско здружување, кои не мора да бидат регистрирани со седиште во општината, но мора да имаат активности на територијата на Општина Гази Баба.

## III. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Формите на организирање и здружување кои номинираат свои претставници/кандидати, треба да ги достават следните документи:

1. Пријава за номинација поднесена од младинска организација (Образец бр.1 во прилог);
2. Портфолио на организацијата/групата/здружението;
3. Извештај за работата на младинската организација / здружението за минатата 2025 година или друг документ во кои се наведени реализирани активности со млади, младински политки и иницијативи на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Тековна состојба за регистрирана дејност на субјектот, не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
5. Писмо со номинација на кандидат за член со контакт информации;
6. Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот кандидат за член во Локалниот младински совет и кратка биографија (жител на возраст од 15 до 29 години);
7. Изјава за согласност за користење на лични податоци (Образец бр.2 во прилог); и
8. Изјава за согласност од номинираните лица за прифаќање на номинацијата (Образец бр.3 во прилог).

## IV. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

- Да е жител на Општина Гази Баба,
- Да е на возраст од 15 до 29 години и
- Да е проактивен, креативен и способен за индивидуална и тимска работа.

## V. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Субјектите кои ги исполнуваат условите и критериумите наведени во овој повик, можат да поднесат пријава за номинација на кандидат за член/членови со потребната документација во 1 (еден) примерок потпишана од одговорното лице на организацијата, **секој работен ден од 08 - 16:30 часот** од почетокот до крајниот рок за поднесување на пријави, на следниот начин:

- Непосредно (лично) во предна канцеларија (едношалтерски систем) на Општина Гази Баба.

Пријавата за номинација со потребната документација се поднесува во затворен коверт со назнака: **"За јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба".**

## VI. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Јавниот повик трае **10 (десет) работни дена**, од денот на објавувањето на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk).

Јавниот повик се објавува на **09.06.2026 година и трае до 22.06.2026 година**.

Поднесените пријави за номинација на членови со потребната документација, ќе ги разгледа трichлена комисија формирана од Локалното собрание на млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членовите на Локалниот младински совет, која ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на секоја поднесена пријава со потребната документација.

Пријавите за номинација кои содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и тие што нема да бидат доставени во определениот рок, нема да бидат предмет на разгледување.

**ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**